УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ " – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ
UNIVERSITY "GOCE DELCEV " SHTIP
FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES

# ОБРАЗОВАНИЕТО ВО XXI ВЕК
# – СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ –

## МЕЃУНАРОДНА
## НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

**Штип, 24 – 25 Септември, 2015**

**– ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ –**

# EDUCATION IN XXI CENTURY
# – CONDITIONS AND PERSPECTIVES –

## INTERNATIONAL SCIENTIFIC
## CONFERENCE

**Shtip, September, 24-25, 2015**

– PROCEEDING BOOK –

Штип, 2016

**Издавач / Publisher**

Универзитет „Гоце Делчев" Штип / University "Goce Delcev" - Stip
Факултет за образовни науки / Faculty of Educational Sciences

**За издавачот / For publisher**

Проф.д-р Блажо Боев / Prof. Blazo Boev, PhD

**Издавачки совет / Publishing council**

проф. д-р Блажо Боев / Prof. Blazo Boev, PhD
проф. д-р Соња Петровска / Prof. Sonja Petrovska, PhD
проф. д-р Лилјана Колева Гудева / Prof. Liljana Koleva Gudeva, PhD
проф. д-р Кирил Барбареев / Prof. Kiril Barbareev, PhD
проф. д-р Дејан Мираковски / Prof. Dejan Mirakovski, PhD

**Главен и одговорен уредник / Editor in chief**

Проф.д-р Соња Петровска / Prof. Sonja Petrovska, PhD

**Технички уредник / Technical Editing:**

Доц. д-р Верица Јосимовска / Ass. Prof. Verica Josimovska, PhD
Доц. д-р Билјана Попеска / Ass. Prof. Biljana Popeska, PhD
Доц. д-р Деспина Сивевска / Ass.Prof. Despina Sivevska, PhD
Славе Димитров / Slave Dimitrov

**Јазично уредување / Language Editor:**

Виолета Карагунова / Violeta Karagunova (Macedonian language)
Снежана Кирова / Snezana Kirova (English language)

**Design:**

Славе Димитров

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37"20"(082)(048.3)
МЕЃУНАРОДНА научна конференција (2015 ; Штип)
Образованието во XXI век [Електронски извор] : состојби и перспективи : зборник на трудови / Меѓународна научна конференција, Штип, 24-25 септември, 2015 = Education in XXI century : conditions and perspectives : proceeding / International scientific conference, Shtip, September, 24-25, 2015. - Текст во PDF формат, содржи 225 стр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки = Shtip = University "Goce Delcev" Shtip, Faculty of educational sciences, 2015

Начин на пристап (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.12.2015. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-244-275-4
1. Насп. ств. насл.. - I. International scientific conference (2015 ; Shtip) види Меѓународна научна конференција (2015 ; Штип)
а) Образование - 21 в. - Зборници - Апстракти
COBISS.MK-ID 100254474

Organizers:

**University "Goce Delcev" - Stip**
**Faculty of Educational Sciences**
**Republic of Macedonia**

Organizing Committee:

**Sonja Petrovska,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Todor Cepreganov,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Nikola Smilkov,** Art Academy, University Goce Delcev Stip, Republic of Macedonia
**Kiril Barbareev,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Despina Siveska,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Biljana Popeska,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Traj;e Stojanov,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Irena Kitanova,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Oliver Cackov,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Jadranka Runceva,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia
**Verica Josimovska,** Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia

Editorial board:

**Ph.D Leonid F. Chuprov,** Russian Academy of Natural History (RANH, Moscow), Chernogorsk, Russia
**PhD Mark R. Ginsberg,** College of Education and Human Development at George Mason University, Fairfax, Virginia, USA
**Ph.D Ivan Prskalo,** Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Croatia
**PhD Milan Matijević,** Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Croatia
**Ph.D Sinisa Opic,** University of Zagreb, Croatia
**Ph.D Tamara Gazdic-Aleric,** Faculty of Teacher Education, University of Zagreb, Croatia
**PhD Zaharnytska Iryna Ivanivna,** Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine
**PhD, Lutsenko Iryna Oleksiivna,** Department of Children's Creativity, Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine
**PhD Sukhorukova Halyna Viktorivna,** Department of Children's Creativity, Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine

**PhD Kot Nataliia Mykhailivna,** Department of Theory and History of Preschool Pedagogy, Institute of the Child Development, National Pedagogical Dragomanov University, Kiev, Ukraine
**PhD Anna Studenska**, Faculty of Ethnology and Educational Science, University of Silesia, Poland
**Phd Alina Szczurek-Boruta**, Faculty of Ethnology and Educational Science, University of Silesia, Poland
**PhD Stojan Bogdanovic,** University of Nis, Serbia
**PhD Stojan Cenikj**, Teaching Faculty, Vranje, University of Nis, Serbia
**PhD Stana Smiljkovikj**, Teaching Faculty, Vranje, University of Nis, Serbia
**PhD Emina Hebib,** Faculty of philosophy, Belgrade, Serbia
**PhD Živorad Milenovic**, Teaching Faculty, leposavic, University of Kosovska Mitrovica, Serbia
**PhD Prof.Iliana Petkova,** Faculty of Education, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Sofia, Bulgaria
**PhD Trayan Popkochev,** Sout-West University "Neofit Rilski" Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Krasimira Mutavchieva,** Trakiski Univerzitet, Faculty of Pedagogy, Stara Zagora, Bulgaria
**PhD Eleonora Mileva,** Teaching Faculty, National Sports Academy "Vasil Levski", Sofia. Bulgaria
**PhD Anzhelina Yaneva**, Sports Department, Sofia University "St. Kliment Ohridski", Sofia, Bulgaria
**PhD Veselina Ivanova,** Faculty of Education, Trakia University, Stara Zagora, Bulgaria
**PhD Elka Kirilova Yanakieva**, Faculty of pedagogy, Southwest University of Neophyte Rilski, Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Margarita Koleva**, Faculty of pedagogy, Southwest University of Neophyte Rilski, Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Nino Mihajlov**, Faculty of pedagogy, Southwest University of Neophyte Rilski, Blagoevgrad, Bulgaria
**PhD Tatjana Novovic,** Faculty of Philosophy, University of Niksic, Montenegro.
**PhD Sonja Petrovska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Emilija Petrova Gorgeva**, Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Snezana Mirascieva,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Snezana Stavreva Veselinovska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Stevan Aleksoski**, Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Blaze Kitanov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Nikola Smilkov,** Art Academy, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Todor Cepreganov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Snezana Jovanova Mitkovska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Kiril Barbareev,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Despina Sivevska** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Biljana Popeska,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Trajce Stojanov,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Trajce Nacev,** Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**PhD Stojko Stojkov**, Faculty of Educational Sciences, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**MSc Snezana Kirova**, Faculty of Philology, University Goce Delcev Stip, Macedonia
**MSc Lence Nasev**, Academy of Music, University Goce Delcev Stip, Macedonia

# TABLE OF CONTENTS

1. СО КВАЛИТЕТНИ ПРОМЕНИ ДО ПОКВАЛИТЕТНО УЧИЛИШТЕ
**Блаже КИТАНОВ**......5
2. LANGUAGE CULTURE – A SEGMENT OF LANGUAGE EDUCATION
**Violeta NIKOLOVSKA**......9
3. RESEARCH TRENDS IN EDUCATION IN MULTICULTURAL ENVIRONMENTS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA
**Elizabeta TOMEVSKA-ILIEVSKA,Emilija SIMONOVSKA JANACKOVSKA, Sadudin SADIKI**......15
4. USING AUTOMATIC TEXT CATEGORIZATION TECHNOLOGIES IN THE MODERN EDUCATIONAL PROCESS
**Anna GLAZKOVA**......23
5. THE ROLE OF BUSINESS SCHOOL IN THE POST-GRADUATE EDUCATIONAL SYSTEM
**Nikita RAVOCHKIN**......27
6. FORMATION OF ETHICAL RULES (CODE) IN PRESCHOOLERS THROUGH THE BULGARIAN CHILDREN'S FOLKLORE GAMES
**Julia DONCHEVA**......32
7. FORMATION OF HUMAN POTENTIAL: INSTITUTIONAL MECHANISMS AND POLICIES
**Stanka RINKOVA**......36
8. THEORETICAL FORMULATION AND SCIENTIFIC JUSTIFICATION OF THE PROBLEM OF TRAINING TEACHERS IN TECHNICS, TECHNOLOGY AND ENTREPRENEURSHIP
**Tsvetana KOSTADINOVA ANTIPESHEVA**......41
9. INTERACTIVITY IN TEACHING STUDENTS MODERATORS
**Kosta KOSTOV, Silvia KYUCHUKOVA, Hristina MILCHEVA**......45
10. EVALUATION OF STUDENTS' LEARNING UNDER THE PRISM OF EXPECTED OUTCOMES
**Teuta SHABANI, Suzana NIKODINOVSKA BANCOTOVSKA**......49
11. COMMUNICATION IN THE TEACHING PROCESS. INTERACTIVE NATURE OF COMMUNICATION
**Valentina VASILEVA**......57
12. PHYSICAL ACTIVITY OF 3-4 YEARS OLD CHILDREN IN KINDERGARTEN
**Filip SHABANSKI**......60
13. MACEDONIAN LANGUAGE IN SECONDARY EDUCATION
**Liljana MAKARIJOVSKA, Zhaklina GJORGIJOSKA**......64
14. STUDENTS' ATTITUDES TOWARDS TEACHING GRAMMAR IN THE FOREIGN LANGUAGE CLASSROOM
**Vesna KOCEVA, Marija TODOROVA**......69
15. FOREIGN LANGUAGE CLASSROOM ANXIETY
**Marija TODOROVA, Vesna KOCEVA**......75
16. TEACHERS AS A FACTOR FOR THE DEVELOPMENT OF KEY COMPETENCE CULTURAL EXPRESSION AMONG STUDENTS
**Svetlana PANDILOSKA GRNCHAROVSKA, Fadbi OSMANI, Gordana STANKOVSKA**......82
17. INTRODUCTION OF THE DUAL SYSTEM IN THE BULGARIAN VOCATIONAL EDUCATION – REALITY AND CHALLENGES
**Svetlana NIKOLAEVA**......86

18. THE VALUES OF EDUCATIVE FUNCTION IN RELATION PARENT-SCHOOL
**Ardita CEKA, Rabije MURATI**.......................................................89
19. ELECTRONIC VERSUS TRADITIONAL TEST FOR MATHEMATICS IN PRIMARY SCHOOLS
**Katerina PANEVA**.......................................................93
20. THE SIGNIFICANCE OF LOCALLY DEVELOPED EDUCATIONAL SOFTWARE IN THE PROCESS OF SCHOOLS' COMPUTERIZATION
**Olga SAMARDJIKJ JANKOVA**.......................................................99
21. THE ACTIVITY OF MUSICAL GAMES FOR CHILDREN
**Mujeser ILJAZI**.......................................................105
22. THE PATIENT IN THE PROCESS OF LEARNING IN HIGHER MEDICAL SCHOOL
**Silvia KYUCHUKOVA**.......................................................110
23. INFORMATION AND COMMUNICATION TECHNOLOGIES IN TEACHING MUSIC EDUCATION
**Lence NASEV**.......................................................113
24. LEISURE TIME AND SPORT ACTIVITIES OF STUDENTS FROM THE FACULTY FOR PRESCHOOL AND PRIMARY SCHOOL EDUCATION AT SOFIA UNIVERSITY "ST. KLIMENT OHRIDSKI" – BULGARIA
**Georgi IGNATOV**.......................................................116
25. PLACE OF LIVING AS A FACTOR IN ORGANIZING STUDENTS' LEISURE TIME
**Despina SIVEVSKA, Biljana POPESKA**.......................................................122
26. METHODICAL APPROACH TO LEARNING ABOUT THE HOLOCAUST BY THE MODEL OF YAD VASHEM SCHOOL
**Zhivorad MILENKOVIC**.......................................................129
27. A HERMENEUTIC READING OF A POETIC LITERARY WORK DURING IMPLEMENTATION OF A LESSON
**Milena RISTOVA-MIHAJLOVSKA**.......................................................136
28. SOME GUIDELINES FOR INTELLECTUAL PREPARATION DURING PHYSICAL CONTACT BETWEEN THE INSTRUMENT AND THE PIANIST
**Angele MIHAJLOVSKI**.......................................................142
29. IMPLICATION OF EFFECTIVE SCHOOL MANAGEMENT FOR THE CONTINUING PROFESSIONAL DEVELOPMENT OF TEACHERS
**Kristinka OVESNI, Emina HEBIB, Vera RADOVIĆ**.......................................................148
30. THEORIES, SOCIAL EXPERIENCES AND PRACTICE IN INTERCULTURAL PEDAGODY
**Alina SZCZUREK-BORUTA**.......................................................157
31. TEACHERS' ASSESSMENTS OF CERTAIN CURRICULAR DETERMINANTS IN PRIMARY SCHOOL
**Milan MATIJEVIĆ, Siniša OPIĆ, Goran LAPAT**.......................................................162
32. THE SOCIO-POLITICAL IMPACT OF THE NEW SCIENTIFIC AND EDUCATIONAL TRENDS IN ARCHAEOLOGY, HISTORY AND RELATED FIELDS
**Ljuben TEVDOVSKI**.......................................................172
33. THE PRACTICE OF TAEKWONDO AS A PREDICTOR OF MOTOR ABILITIES
**Ivan PRSKALO, Anamaria RADIĆ**.......................................................178
34. THE RELATION MOTIVE - TEACHING CONTENT IN STIMULATING COGNITIVE ABILITIES THROUGH ARTISTIC ACTIVITIES AT PRESCHOOL AGE
**Maja RAUNIK KIRKOV**.......................................................182
35. CONTEMPORARY ADULT LITERACY MODELS
**Elena RIZOVA, Zoran VELKOVSKI**.......................................................188

36. COMPARATIVE ANALYSIS OF PROGRAMS FOR PRE-SCHOOL EDUCATORS IN EUROPE
**Kiril BARBAREEV, Alma TASEVSKA**......196
37. INCLUSIVE EDUCATION - ROLE OF THE TEACHER AND BENEFITS
**Sonja PETROVSKA**......203
38. THEORETICAL APPROACHES TO MODERN INTERPRETATION OF PEDAGOGY OF PHYSICAL EDUCATION AND SPORTS
**Eleonora MILEVA**......210
39. POSTMODERN CONCEPTS OF FOUCAULT'S EDUCATION AND ITS RELATIONSHIP WITH DISCIPLINE
**Kushtrim AHMETI**......215
40. ECOLOGY – A NECESSARY FACTOR IN TEACHING METHODS FOR NATURE AND SOCIETY STUDIES FOR FORMING A RESPONSIBLE PERSON
**Oliver CACKOV, Tatjana GREGOVA**......219
41. THE ISSUE OF RESPECTING THE DEVELOPMENTAL POSSIBILITIES AND ACTIVITY-PLANNING IN EARLY CHILDHOOD DEVELOPMENT
**Alma TASEVSKA, Kiril BARBAREEV**......223
42. INTEGRATION OF INFORMATION AND COMMUNICATION TECHNOLOGIES INTO PRESCHOOL EDUCATION
**Tatyana V. NIKULINA**......228
43. WHAT SHOULD MODERN SCHOOL LEARN
**Snezana KIROVA, Dragana KUZMANOVSKA, Biljana IVANOVA**......233
44. EDUCATIONAL FUNCTION OF THE SCHOOL IN CONTEMPORARY SOCIETY
**Emilija PETROVA GORGEVA, Mitko KOCEV**......238
45. SOME METHODS IN TEACHING PHYSICAL AND HEALTH EDUCATION
**Marjan MALCEV**......243
46. REVIEW OF ADOLESCENT LITERATURE THROUGH COMPARATIVE ANALYSIS OF THE NOVELS "THE BLUE PATH OF LOVE" BY METODI MANEV AND "VOICE OF LOVE" FROM GROZDANA OLUJIC
**Jovanka DENKOVA**......247
47. INTERPRETATION OF A LYRIC POEM IN IV AND V GRADE
**Blaze KITANOV, Irena KITANOVA**......253
48. TRAINING EFFICIENCY OF CYCLISTS SPECIALIZED IN ROAD CYCLING
**Ivan KOLEV**......258
49. PHYSICAL EDUCATION AND DIAGNOSTIC PROCEDURES
**Veselina IVANOVA, Galena TERZIEVA**......262
50. PROTECTION OF IMMOVABLE CULTURAL HERITAGE THROUGH EDUCATING STUDENTS OF PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION
**Trajce NACEV, Dragan VESELINOV**......265
51. FORMATION OF TOLERANCE IN ADOLESCENTS
**Valentina VASILEVA**......271
52. NEW EDUCATIONAL POLICIES AND THEIR REFLECTIONS ON SOCIAL DEVELOPMENTS
**Daniela KOCEVA, Snezana MIRASCIEVA**......275
53. PRESENCE OF ENTREPRENEURSHIP IN PRIMARY EDUCATION IN MACEDONIA
**Lulzim MEHMETI**......280
54. CONSONANT /J/ IN COLLOQUIAL SPEECH AND ITS IMPACT ON WRITING
**Blaga PANEVA**......284
55. METHODICAL STRUCTURE OF A LESSON FOR INTERPRETATION OF A FAIRY TALE
**Irena KITANOVA**......289

56. THE INFLUENCE AND THE EFFECTIVENESS OF FORMATIVE ASSESSMENT AND THE FEEDBACK IN STUDENTS' SUCCESS AND ACHIEVEMENTS
**Valdeta ZENUNI-IDRIZI**........................................294
57. AESTHETIC EDUCATION OF EDUCATORS AS A FUTURE CHALLENGE
**Valentina PAJAZITI, Vlora MARKU-TUQI**........................................299
58. SOCIAL AND COMMUNICATIONAL-INTERACTIVE COMPETENCES OF TEACHERS AND STUDENTS IN EDUCATION
**Florina SHEHU**........................................302
59. INFLUENCE OF MEDICINES ON THE COGNITIVE SKILLS OF CHILDREN WITH CHRONIC DISEASES
**Elena IVANOVA BUYUKLIEVA**........................................308
60. THE SPIRITUAL ASPECT OF HUMAN DEVELOPMENT AND THE EDUCATION IN XXI CENTURY
**Eleonora PENCHEVA**........................................312
61. RESEARCH IN TEACHING PRACTICE
**Snezana JOVANOVA-MITKOVSKA**........................................316
62. HOW ARE PEACE AND TOLERANCE REPRESENTED IN HISTORY TEXTBOOKS FOR PRIMARY AND SECONDARY EDUCATION
**Todor CEPREGANOV, Sonja NIKOLOVA**........................................324
63. ETHICS AS TEACHING
**Trajce STOJANOV**........................................330
64. RISK ASSESSMENT OF HYGIENIC AIR QUALITY UPON PRESCHOOL CHILDREN'S HEALTH IN KINDERGARTEN "VERA CIRIVIRI TRENA" IN SHTIP
**Snezana STAVREVA VESELINOVSKA**........................................335
65. ABOUT SOME EDUCATIONAL GOALS IN TEACHING-SOCIO-CULTURAL PROBLEM OR A CHALLENGE MODERN EDUCATION
**Snezana MIRASCHIEVA, Emilija Petrova GJORGJEVA, Daniela KOCEVA**....339
66. ESCAPE FROM THE WAR –TIME IN THE UNCERTAINTIES OF LIFE TO REFUGEE IN BULGARIA. FUNDAMENTAL RIGHTS OF PERSONS SEEKING INTERNATIONAL PROTEKTION IN TERMS OF THE BUREAUCRATIC SYSTEM IN BULGARIA
**Pavlin PETROV**........................................344
67. HIGHER EDUCATION IN THE PERIOD OF TRANSITION
**Verica JOSIMOVSKA**........................................353
68. RESEARCH OF THE CONFLICT ZONES IN THE SYSTEM OF INTERPERSONAL RELATIONSHIPS OF THE CHILD BY THE METHODOLOGY OF RENE GILLE
**Julia DONCHEVA**........................................356
69. CLASSROOM SOCIAL CLIMATE
**Despina SIVEVSKA**........................................360
70. COMPATIBILITY OF PRESCHOOL AND PRIMARY SCHOOOL CURRICULA IN R. MACEDONIA
**Snezana JOVANOVA-MITKOVSKA, Biljana POPESKA**........................................366
71. THE IMPORTANCE OF THE CAREER CONSELING PROCESS
**Tanja ATANASOSKA, Biljana CVETKOVA DIMOV, Ana GJORGJEVA**..........376
72. ROLE OF MANAGEMENT IN IMPLEMENTING EDUCATION INCLUSIVE POLICIES
**Sadete TERNAVA-OSMANI, Voglushe KURTESHI**........................................380
73. WHICH FACTORS ACCORDING TO THE PARENTS AFFECT THE EDUCATION OF CHILDREN
**Voglushe KURTESHI**........................................385

74. THE PHILOSOPHICAL PARADIGM OF SIGMUND FREUD
**Slobodan MARKOVIC**........................................................................370
75. EDUCATIONAL NEEDS AND ACHIEVEMENTS OF ROMA CHILDREN AND OTHER CHILDREN FROM MARGINAL ETHNIC GROUP IN RM
**Stevan ALEKSOVSKI**........................................................................377
76. COMMUNICATIVE-PEDAGOGICAL FEATURES OF COMMUNICATION IN THE EDUCATIONAL PROCESS-COMMUNICATIVE COMPETENCE
**Biljana GRAMATKOVSKI, Jasminka KOCHOSKA**.......................................387
77. INTERCULTURAL COMUNICATION COMPETETENT TEACHER
**Dragana KUZMANOVSKA, Vesna NICEVA, Biljana PETKOVSKA**..................391
78. THE ROLE OF CIVIC EDUCATION IN OVERCOMING CONFLICT SITUATIONS
**Jasminka KOCHOSKA**........................................................................395

UDK: 37.091.3:17

# ETHICS AS TEACHING

**Trajce STOJANOV**[1]

**Abstract**

*Teaching ethics is quite challenging both for teachers and students. For teachers because they should embody the values they teach and for students because at the end of the semester they should become better persons, otherwise there is no point in learning ethics.*

*In this paper we will discuss these challenges. How to teach ethics and what to teach? What should be the outcome of that teaching? Is it enough just to know, because there is a difference between knowing the path and walking the path? These questions greatly depend on how we teach ethics. What is the right approach to teaching ethics – this is the main question in this paper that we would try to answer. We will consider several different approaches and deduce their advantages and disadvantages. To a great extent these observations and conclusions are based on personal experience as a teacher, combined with various contemporary teaching methods and theories.*

Key words: ethics, teaching, values, virtue, students, methods, methodology.

# ЕТИКАТА КАКО НАСТАВА

Наставата по етика е особен предизвик, како за самите наставници, така и за студентите. За наставниците, затоа што претпоставуваме дека самите тие треба да ги отелотворуваат вредностите на кои учат, а за студентите затоа што на крајот од секој семестар, претпоставуваме дека тие би требало да станат подобри личности. Ова веројатно е и преголем товар, како за наставниците и студентите, така веројатно и за самата етика.

Затоа, во овој труд ќе биде потребно да го разгледаме односот настава-етика, т.е. да ја тематизираме етиката како настава. Дали предметот етика е тука да образува, или да воспитува? Ако образованието е процес на стекнување на одредени знаења, умеења и навики, а воспитанието влијание врз развојот на личноста[2], логично се поставува прашањето која е улогата на предметот Етика во наставата и наставниот процес? Во овој труд ќе се застапува ставот дека предавањето и учењето етика првенствено е (лично и личносно) **искуство**, и како такво, тоа претставува своевиден воспитен процес per se.

Оваа теза почива на уверувањето дека етиката како наука и етиката како настава во својата суштина не се разликуваат. Затоа што *етиката како настава и етиката како наука својата основа ја имаат во етичкото, т.е. во доброто.* Во таа смисла, наставата по етика не може да се сведе на чисто говорење, пренесување знаења за етиката, оти тоа тогаш веќе не е етика, оти се обесмислува нејзината цел, а со тоа, таа и не е веќе настава по етика. Без личносно и мисловно внесување, градење на однос кон себе си и светот, етиката како наставен предмет се обесмислува себе си. Ист е случајот и со философијата, чија дисциплина е етиката – да се говори за философијата и да се философира не е исто. Да се „предава“ етика не е доволно, затоа што во наставата по етика **целта** е етичкото (во нас). Ако се промаши таа цел, се промашува смислата на наставата по етика. При ова може да ни се забележи дека премногу високо ја поставуваме целта на наставата по етика. Се разбира дека не тврдиме дека во целите на курикулумот по етика тоа е нешто што е експлицитно наведено и дека треба на крајот да биде целосно реализирано, или дека тоа воопшто и може да биде прецизно измерено преку наведените индикатори, туку дека сè во наставата треба да е упатено кон таа цел. Впрочем, како

[1]Faculty of educational sciences, University "Goce Delcev" - Stip, Macedonia, trajce.stojanov@ugd.edu.mk

[2] Емилија, Петрова, Ѓорѓева (2010). *Основи на педагогија*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

и во животот, така и во наставата – тоа секогаш е хоризонт, кој никогаш не го досегаме, но кон кој секогаш треба да сме упатени.

Образованието, воспитанието посебно, колку и да го промислуваме од педагошка, социолошка или психолошка перспектива, тоа првенствено е етички чин. Самата воспитно-образовна стварност е вредносна стварност – само ако вака се разбере, образованието и воспитанието има смисла. Иако, современите разбирања на образованието се изместија од ова уверување. „Следејќи ја традицијата на Хегеловото мислење, посебно неговото разбирање на историјата и прогресот во неа, воспитанието првенствено се сфаќа како т.н. `подготовка`, како нешто што само по себе сеуште не е историски релевантен реалитет, туку својот вистински телос го достигнува во она што се обликува после неговото дорвршување, значи во она што цели кон историското. Оној кому воспитанието му се обраќа, според тоа, допрва е само кандидат за учество во она што навистина е историско релевантно, а не е негов актер, а самото, пак време за таа `подготовка`, не може да се сфати како `вистинско`, историски релевантно постоење, туку е некаде надвор од него. (Се `воспитува за живот`, како самото школување сеуште да не е тоа)."[1] Образованието и воспитанието не е подготока за иднината, тоа е живот сега. И тој „telos" на овој процес се остварува низ својот „ethos", овде и сега. Се учи низ живото искуство на мигот.

Ако вака го разбираме самото воспитание и образование, тогаш етиката како настава треба да биде супстратот на ваквото разбирање. Затоа етиката како наставен предмет својата суштина ја црпи во она што во неа е етичко, а не во она што неа е наставно. Затоа е помалку важно за наставата по етика што се учи, туку како се подучува. На крајот од тој процес, дури не е важно толку ниту што се научило на ниво на когниција и репродукција на наученото, туку на промисленото и проживеаното.

Во оваа смисла, етиката во наставата не би требало да се сведе на проста репродукција на разни етички теории, дури ниту на обид да се нормира одредена професија. Ако на пример, етиката се изучува на наставничките факултети, секако една од целите е да се воведат студентите во етиката на професијата. Се разбира дека етиката на наставничката професија, како една гранка од т.н. професионални етики, е важно да се знае и усвои. Но, ако промислиме доследно, ниту една професионална, т.е. нормативна етика не бара напор на промислување, ами само усвојување на стандардите на професијата и следствено без етичкото промислување, на кое треба да инсистираме, тоа лесно се претвора во **индоктринација**. Ако се согласиме со поделбата и разликите помеѓу: образование, социјализација, обука и индоктринација, ќе видиме дека наставата по етика не припаѓа на ниту една од овие класификации. Затоа што наставата по етика има врска со воспитанието, а како таква таа не е дури ниту **морално образование**, туку **образование за формирање на карактерот**[2], или ако сакаме воспитание. *Смислата на сето умување и учење етика е оформување на **карактерот**.*[3] Карактерот се дефинира како *релативно трајни* човекови особености, некои одлики на личноста кои се наши и само наши. Но, иако тие карактеристики се дел од некакви вродени диспозиции, сепак тој е и релативен, променлив, подложен на оформување. Човековиот карактер е во процес на постојано оформување. И тука притекнува етиката. Етика е таа која помага во тоа, т.е. *целта е преку етичкото да се формира добар карактер*; па во таа смисла може да се каже дека **морален**, значи **карактерно оформен**. Оформен карактер значи морален карактер. (Во таа смисла и во секојдневниот говор ние реферираме на тоа кога велиме „тој е карактер", мислејќи секако дека е високо морална личност).

Со тоа, етиката има исклучиво воспитна компонента, таа првенствено е упатена на интенционално влијание врз развојот на личноста, т.е. погледот на свет на воспитаникот. Се разбира, како што е општо прифатено – нема воспитание без образование, не може да се воспитува, а во исто време да не се образува, т.е. образувајќи воспитуваме.[4] Но, акцентот е врз воспитанието. Образовните

---

[1] Josip, Marinkovič, (1990). *Filozofija kao nastava*, Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo

[2] За ова интересно разбирање на целокупниот образовен процес, како процес за формирање на карактерот види го *Манифестот за образование на карактерот* на Универзитетот во Бостон: http://www.bu.edu/ccsr/about-us/partnerships/character-education-manifesto/
Пристапено: 10.11.2015

[3] За оваа теза види повеќе кај: Ф. Мухиќ, З. Жоглев, (2009). *Филозофијата во акција*, Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

[4] Емилија, Петрова, Ѓорѓева (2010). *Основи на педагогија*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 13

содржини овде се со цел да воспитаат, сами за себе тие немаат смисла. Етичките содржини не се математика, целта не е да се усвои дека 2+2=4, туку таа содржина да предизвика придвижување на духот и волјата во насока на трансформација на личноста. Затоа и курсот по етика не би требало да биде како останатите курсеви, тој „не би требало да се предава како само уште еден во низата курсеви по дадена специјализирана дисциплина – етика, иако секако би требало да ги изложи учениците на најважните етички теории."[1] Но, како што и рековме, ова „изложување", има воспитна функција, студентите првенствено не треба да „знаат", ами да се поттикнат морално да делуваат. Овде образованието е во функција на воспитанието.

За да не се сведе на индоктринација, единствено што треба да биде етиката е **критичка алатка** (впрочем, затоа е дисциплина на филозофијата), за промислување на моралните аспекти на стварноста. Да разберат студентите дека секоја човекова активност е подложна на морална опсервација и дека секоја област од човековата активност може да биде етички релевантна. Не треба да им се нудат ставови, ами да се мотивираат да ги преиспитуваат сите понудени! Да не заборавиме, како што впрочем и учеше првиот „наставник", Сократ – знаењето се породуваше, а процесот беше дел од мајевтичката вештина, вештината на породување. Како да го заборавивме аманетот на Сократ, па сега дури и на часовите по етика на студентите им „сервираме" знаења, наместо да ги породуваме од самите нив. Наставникот во тој процес не е тука ништо да научи, туку да провоцира на саморефлексија и самосвест, наведување на размислување дека **етиката го проникнува животот**. Само кога ќе го разберат ова студентите, курсот по етика има смисла.

Ова рековме е важно за свесно или несвесно да не ја сведеме етиката на индоктринација. На овој начин ја избегнуваме оваа замка која секако лебди – имено, декларирајќи на етиката како воспитна, со тоа да ја претвориме во алатка за индоктринација. Затоа, иако рековме дека етиката првенствено има воспитна функција, сепак останува да лебди прашањето на кои вредности да воспитуваме како наставници, кои норми да ги преферираме, а кои да ги занемаруваме? Имаме ли такво право воопшто? Инсистирајќи на тоа да ги „воспитуваме" на „нашите" вредности, нужно ја претвораме етиката во алатка за индоктринација, па макар тоа биле и општо прифатените и највозвишените вредности. И второ и можеби поважно – во својата најдлабока суштина градењето на карактерот е првенствено личен чин. Тоа бара и личен напор и зависи од личните избори. До највисоките врвови во себе се патува сам. На овој пат, родителите, училиштето можат да бидат само „патоказите", но на тоа патување, се патува и секако стигнува сам. Колку песимистички и осамено да звучи ова. Затоа етиката е тука само дополнително да го „комплицира" тоа патување преку проблематизирање на секој аспект од човековата стварност. Оттука, конечно, како би требало да се предава етика?

Ќе се согласиме со погоре цитираниот Ворен Норд дека „моралното образование по правило треба да се случува во форма на комуникација, во која поборниците на различни ставови реагираат, односно одговараат едни на други. Учениците треба да се запознаваат со аргументации, а не со апстрактни ставови."[2] Повторно се враќаме на првиот учител - Сократ: училницата по етика треба да биде **лабораторија за dialegomai** (διαλέγομαι). Самата етимологија на dialegomai упатува на дијалог „низ, преку, од едната страна до другата", во процесот на доаѓање до заклучокот. Тоа би требало да биде првиот и најважниот пристап и метод во наставата по етика. Да се проблематизира и дискутира – тоа е единствениот вистински пристап во наставата по етика. Се разбира, уште еднаш, наставникот би требало да ги запознае и упати со содржините на најважните етички концепти и теории, но само како алатки за самостојно проблематизирање и истражување на различни сфери и проблеми.

Ако сакаме уште поблиску да го конретизираме ова разбирање на наставата по етика, ќе појдеме повторно од Ворен Норд. Еве како тој го замислува организирањето на овој предмет: „Ваквиот курс би го организирал како широко интерцисциплинарен, кој ќе користи учебници од различни делови од наставната програма – од книжевност и уметност, преку историја и религија, преку општествените науки и, се разбира, етиката. Неговата цел би требало да биде, делумно да ги направи изречни

[1] Ворен, А. Норд (2012). *Морално несогласување, морално образование, заеднички основи.* In Дајен Равич и Џозеф П. Витерти (Eds.), *Создавање добри граѓани: образованието и граѓанското општество* (pp. 142-168). Скопје: Арс Ламина

[2] Ворен, А. Норд, Op., cit., 153

моралните тврдења, поврзаност и тензии на кои се наидува во наставната програма."[1] Ајде сега ова и да го илустрираме. Имено, откако се согласивме дека етиката треба да воспитува, но не да индоктринира, заклучивме дека за да го прави тоа, таа треба да биде критичка размисла во лабораторијата на дијалектиката. За да покаже пак дека секој аспект од човековиот живот може да биде ставен под етичка опсервација и со тоа да демонстрира дека етиката не е само еден тежок, но непотребен филозофски предмет, туку живо врзан со сите аспекти во нашите животи, таа треба да се стави во дијалог со сите тие аспекти на науката и животот претставени низ различните курикулуми.

Со ова етиката ја претвораме во **„зона на конфликти."** Овде ќе се судираат биолошки, социолошки, психолошки...теории, кои не се проблематизираат од својот етички аспект додека се предаваат во соодветните курикулуми. Во ниту еден учебник по биологија не се разговара за етичките импликации од проучувањето, мапирањето и евентуално манипулирањето со геномот, во ниту еден учебник по социологија, на пример, не се проблематизира самиот поим „нација", наспроти индивидуа, ами само се учи за нив, ниту еден учебник по психологија на говори како може да се злоупотребат нејзините сознанија за општествена контрола, моќ и доминација....Тоа секако не е работа на поединечните науки и нивните курикулуми. Затоа тука е етиката. Ова бара исклучително подготвен, ангажиран и мотивиран наставник, кој треба постојано да „копа" по курикулумите на своите колеги и да ги става во етички контекст, вадејќи различни етички импликации и проблематизирајќи ги. Наставникот треба да се обиде на часовите по етика да ги стави во етички контекст содржините од различните други предмети кои ги изучуваат неговите студенти и да ги подвлече етичките димензии, да го осветли просторот што претходно не бил видлив за студентите.

Тоа може да го направи:

- ставајќи во дијалог различни предметни содржини, од различни курикулуми или да понуди различни стојалишта/погледи за иста содржина, од еден ист предмет
- Претворајќи ги часовите по етика во „зона на конфликти", создаваме „когнитивна збрка" кај слушателите која е резултат на ова преиспитување на ставови кои на прв поглед изгледале сигурни, востановени и неупитни. Тогаш, и само тогаш самите слушатели се упатуваат во сопствените длабочини во потрага по доброто. Само така ќе избегнеме часовите по етика да се претворат во индоктринација, и ќе имаме воопшто некаков ефект од истите. Имено, со тоа што ќе ги упатиме на етичко промислување на разни курикулуми, ќе го поттикнеме **моралното резонирање.** Животните ситуации се различни, ние не можеме да ги подготвиме за сите, но можеме да го развиеме моралното резонирање и да ги сензибилизираме за фактот дека етичкото се крие зад секој агол.

1. Но, што е уште поважно, на овој начин ќе се избегне сепарацијата, одвојувањето на различните научни области. Имено, наставните програми често се организирани на овој „сепариран" начин, нема допири, нема преклопувања. Како што ќе каже književниот критичар Џералд Граф, „наставните програми се одделени, каде што секој курс и предмет престставуваат еден остров кој има многу малку редовна врска со останатите курсеви и предмети"[2] Како што впрочем и самиот Граф сугерира, треба да се „подучува за конфликтите".[3] Овој принцип, пак, споменатиот Норд го генерализира барајќи истиот да се универзализира како организирачки принцип на целокупното образование.[4] Веројатно физички би било неможно да се организираат на овој интегративен принцип наставните програми (сепак за ова далеку покомпетентно би требало да се изјаснат педагозите), но секако етиката би можела да биде тој **„мост помеѓу тие острови"**!

Конечно да конкретизираме. На пример, наставникот може да ги стави во дијалог еволуционизмот и креационизмот, само за да ги изведе етичките импликации од тоа. За аргументирано да говори за тоа, наставникот би им посочил на научници кои го застапуваат креационизмот и од кои причини го прават тоа. За тоа секако треба да добро да се подготви, да консултира и посочи извори. Да види кои сè природо-научници и од кои разлози го прават тоа. Да се задржи на некој извор што подобро го проучил, па да знае да ја аргументира таа позиција – од него не се бара стручност и компетентност во полето, но секако се бара барем да прочитал што мисли за темата некој од полето, на пример во

[1] Ibid., 163
[2] Gerald Graff, *Beyond the Culture of Wars* (1992), New York: Norton, 13
[3] Ibid., 12
[4] Ворен, А. Норд, Op., cit., 155

случајов, можеби што мисли Сајмон Конвеј Морис и зошто ја брани христијанската позиција, а за ова секако ќе треба да се „помачи" да ја пролиста неговата книга „The Crucible of Creation: The Burgess Shale and the Rise of Animals"[1]

Значи во овој случај проблематизираме една тема во рамките на една содржина – биологија. Но, рековме погоре, можеме и да го интегрираме проблемот низ различните содржини, па кога еден од тие научници тврди дека дури и до крај науката да го увери во еволуцијата, тој пак ќе верува во креаторот[2], можеме овој став на Курт Вајс, дека и покрај сите докази, ќе верува во креационизмот, да го доведеме во релација со часовите по литература, па да упатиме на скоро идентичниот став кај Достоевски: „ако ми се докаже математички дека вистината е надвор од Христа, тогаш побргу ќе се согласите да останете со Христос, отколку со вистината"[3] Со тоа да поврземе две содржини од два различни предмети, за еден ист проблем. И со тоа да разбереме дека научните полиња не се острови и следствено дека истите се соочуваат со исти или слични морални дилеми. Ова во голема мера етички ќе го сензибилизира студентот, затоа што пред него се отвора проблем за кој претходно не ни мислел дека е проблем.

Се разбира, еден етичар не може авторитетно и компетентно да говори на сите овие теми, но неговата улога не би ни била тоа, тој треба само да провоцира размисла и евентуално, стручниот дел да го препушти да се случува на часовите по биологија, литература и другите. Но, дека мора да се „помачи" да ги разгледа содржините по другите курикулуми, да поразговара со своите колеги, за во тие содржини да најде морално релевантни, т.е. морално проблематични, или во секој случај, морално интересни моменти, тоа секако може. Можностите се бесконечни: учебниците по историја „вријат" од неосновани судови, предрасуди, политична некоректност, до говор на омраза. Да не зборуваме дека, на пример во ниту еден учебник по економија: сиромаштвото, богатството и богатењето, не се претставени како морани проблеми, или дека со гаранција ниту еден учебник по педагогија во кој неодминливо се зборува за оценувањето, не го презентира и преиспитува истото како морален проблем на судот и судењето!? Ова е навистина тешка и дополнителна активност за еден наставник по етика, но секако вредна за реузлтатите кои ќе ги постигне, затоа што голем дел од оваа теза презентирана во овој труд има емпириска, иако не и квантифицирана, основа, во авторовото скромно наставничко искуство.

## Користена литература


Gerald Graff, *Beyond the Culture of Wars* (1992), New York: Norton

Josip, Marinkovič, (1990). *Filozofija kao nastava*, Zagreb: Hrvatsko filozofsko društvo

Kurt Wise in: *In Six Days: Why 50 Scientist Choose to Believe in Creation* (2001). John Ashton Ed. Master Books Inc.

Simon, Conway Morris (1998). *The Crucible of Creation: The Burgess Shale and the Rise of Animals: The Burgess Shale and the Rise of Animals*, Oxford: Oxford University press

Ворен, А. Норд (2012). *Морално несогласување, морално образование, заеднички основи.* In Дајен Равич и Џозеф П. Витерти (Eds.), *Создавање добри граѓани: образованието и граѓанското општество*, Скопје: Арс Ламина

Емилија, Петрова, Ѓорѓева (2010). *Основи на педагогија*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Ф. М. Достоевски (1971). *Демони II*, Скопје: Мисла

Ф. Мухиќ, З. Жоглев, (2009). *Философијата во акција*, Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола


[1] Simon, Conway Morris (1998). *The Crucible of Creation: The Burgess Shale and the Rise of Animals: The Burgess Shale and the Rise of Animals*, Oxford: Oxford University press

[2] Kurt Wise in: *In Six Days: Why 50 Scientist Choose to Believe in Creation* (2001). John Ashton Ed. Master Books Inc.

[3] Ф. М. Достоевски (1971). *Демони II*, Скопје: Мисла, 50